ЈЗУ Општа Болница - Кичево
IPSH Spitali i Përgjithshëm - Kërçovë
tel/fax: 045 222 110

ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА
IPSH SPITALI I PËRGJITHSHËM
Бр. Nr. 04-958/17
16.02.2026 год.viti.
КИЧЕВО KËRÇOVË

**ЈЗУ Општа Болница – Кичево**
**IPSH Spitali i Përgjithshëm – Kërçovë**

**Бр.04-958/17**
**16.02.2026 г.**

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за административни службеници („Сл.Весник на РМ" бр.24/2014, 199/2014, 48/15, 154/15,05/16, 142/16, 11/18, 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) и член 30 од Статутот на ЈЗУ Општа болница-Кичево, в.д. директорот ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник

1. За извршител на работно место **ЗДР 01 02 Г03 015 РЕФЕРЕНТ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА НАБАВКИ, ДИСТРИБУЦИЈА И СКЛАДИРАЊЕ НА МАТЕРЈАЛИ** – 1 извршител во Сектор за општи работи и техничка служба во ЈЗУ Општа болница-Кичево, се избира кандидатот:
   - **ВЕЗИРКА ЦВЕТАНОСКА со идентификациски код: 4708С10**
2. Именуваната ќе биде вработена на неопределено работно време на работното место наведено во точка 1 по завршувањето на постапката за избор и конечноста на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на објавувањето на веб страната и огласната табла на Агенцијата за администрација.

### *Образложение*

На ден 31.12.2025 год, во дневните весници „Вечер", „Нова Македонија" и „Лајм" и на веб страната на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас бр.1224/2025 за вработување на административен службеник во ЈЗУ Општа болница-Кичево.

Директорот на Агенцијата за администрација донесе Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр.10-2942/ 10-446/1 од 21.01.2026 год.

Комисијата за селекција спроведе административна селекција на кандидати со Записник бр.10-446/2 од 22.01.2026 год.

На ден 06.02.2026 г. во 11:00 часот се спроведе испит за административен службеник со Записник бр.10-446/4 од 06.02.2026 год..

На ден 10.02.2026 год. се спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник со Записник бр.10-446/5 од 10.02.2026 год.

На ден 13.02.2026 год. се достави конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидат со најголем број освоени бодови со бр. 10-446/6 од 10.02.2026 год.

Врз основа на член 45 став 1, 2 и 3 од Законот за административни службеници, а согласно приложената документација (Ранг листа и предлог за варботување на кандидат со најмногу освоени бодови), в.д.директорот на ЈЗУ Општа болница Кичево изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата и на огласна табла на Агенцијата за администрација.

**Изработила:**
**Маја Бајрактаровиќ-Радеска**

**ЈЗУ Општа болница-Кичево**
**В.д. Директор**
**Д-р.Маја Цветановска Трајкоска**

Доставено до:
- Именуваниот,
- Агенција за администрација,
- Сектор за административни и правни работи, јавни набавки и човечки ресурси,
- Архива.